ПРЕДЛАГАЧИ: Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕКРШОЦИТЕ,

ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, декември  2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено: / E pranuar: | 12. 12. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Njësia. Org | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlerë |
| 08 | 7073/1 | | |

**ДО**

**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците, по скратена постапка.

**ПРАТЕНИЦИ:**

Бојан Стојаноски
Веким Оаси
Даниела Бешкова
Антонијо Милошоски
Драган Ковачки
Дафина Стојаноска
Љупчо Пренџов
Драгана Бојковска
Моника Трајановиќ
Ефимија Анѓелова
Миле Лефков
Марија Петрушевска

## В О В Е Д

### I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Законот за прекршоците како процесен закон со кој се регулира процедурата за постапување на прекршочните органи и судовите по прекршоци опфаќа многу области помеѓу кои и областа безбедност на сообраќајот на патиштата. Во последно време сме сведоци на зачестени прекршоци од областа на на сообраќајот на патиштата, при што како последица се зголеми бројот на сообраќајни несреќи со смртни последици, поради непочитување на законите од областа на сообраќајот. Исто така, постоечките прописи помеѓу кои и Законот за прекршоците не даваат можност за примена на новите технологи (систем за детектирање преку технички средства и уреди за снимање) кои можат да бидат добра алатка за брзо и ефикасно детектирање на сообраќајните прекршоци и спроведување на процесот на санкционирање. Исто така, постоечкиот начин на достава не е ефикасен, поради што е потребно изнаоѓање на други соодветни решенија за брза достава.

Материјата за безбедност на сообраќајот на патиштата е уредена со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата каде се пропишани конкретни пракршочни санкции за сторителите на ваков вид прекршоци.

Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за прекршоците претставува неопходен правен инструмент за унапредување на безбедноста во сообраќајот на патиштата, со акцент на воведување на модерни електронски системи за детекција и санкционирање на прекршоци. Со измените и дополнувањата се воспоставува посебна постапка за прекршоци констатирани со технички средства и уреди за снимање, вклучително електронска достава преку текстуални пораки или е-пошта, 50% намалување на глобата при доброволно плаќање во рок од осум дена, како и автоматско престанок на важење на возачката дозвола по акумулирање на три забрани во четири години. Овие измени ќе придонесат за зголемување на ефикасноста на постапката, намалување на административните трошоци и подобрување на општата превенција,заради што се предлага и нивното донесување.

### II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Предлог законот се заснова врз истите начела како и досегашниот закон.

### III. ОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИМПЛИКАЦИИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Донесувањето на Предлогот на закон нема да предизвика дополнителни фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не е потребно обезбедување дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

V.СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН

Согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието по Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за прекршоците да расправа по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕКРШОЦИТЕ

Член 1

Во Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 96/19 и 253/23), во член 2 во ставот (4) по зборовите: „Класификацијата на“, се додава зборот „микро,“.

Член2

Во член 23 во ставот (4) по зборот „глобата“ се додаваат зборовите: „или заедно со глобата во случаи определени со закон“.

Член 3

Во член 26 во ставот (4) по зборот „непогоди,“ се додаваат зборовите: „како и од областа на безбедност на сообраќајот на патиштата“.

Член 4

Во член 28 ставот (4) се менува и гласи:

„(4) Во случаите од ставот (1) на овој член, возачката дозвола престанува да важи согласно ставот (8) на овој член.“

По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Судот ќе изрече прекршочна санкција престанок на важење на возачка дозвола за сторен сообраќаен прекршок за кој е предвидена прекршочна санкција забрана за управување на моторно возило, доколку возачот во последните четири години има најмалку три правосилни прекршочни санкции – забрана за управување со моторно возило од истата категорија, сметано од денот на правосилноста на одлуката за првата прекршочна санкција. Доколку првата изречена глоба е платена од страна на сторителот врз основа на издаден записник со прекршочен платен налог, временскиот период од четири години се смета од денот на плаќањето на глобата.“.

Ставот (5) кој станува став (6) се менува и гласи:

„(6) Сторителот на кој му е изречена прекршочна санкција престанок на важење на возачка дозвола од определена категорија не може да отпочне со постапка за полагање на возачки испит за истата категорија, пред истекот на 12 месеци од денот на престанокот на важењето на возачката дозвола.“.

По ставот (6) се додаваат два нови става (7) и (8), кои гласат:

„(7) Судот е должен најдоцна во рок од 15 дена од денот на правосилноста на одлуката за изречената санкција престанок на важење на возачка дозвола истата да ја достави до Министерството за внатрешни работи заради нејзино внесување во евиденција.

(8) Министерството за внатрешни работи по приемот на одлуката од ставот (7) на овој член, истата ја внесува во евиденцијата и на сторителот на прекршокот му испраќа текстуална порака на мобилниот телефон или на електронската адреса со известување дека осмиот ден од денот на испраќањето на известувањето престанува да важи возачката дозвола. Осмиот ден од денот на испраќањето на првата порака на сторителот на прекршокот му се испраќа втора порака со известување дека од тој ден престанува да важи возачката дозвола.“.

Член 5

Во член 29 ставот (1) се менува и гласи:

„За прекршок против безбедноста на јавниот сообраќај, за кој е пропишана прекршочна санкција забрана на управување со моторно возило за категорија на моторно возило со кое е сторен прекршокот, забраната ќе се изрече во траење од 30 дена до една година.“

Ставот (3) се менува и гласи:

„ Судот е должен најдоцна во рок од 15 дена од денот на правосилноста на одлуката за изречената забрана за управување со моторно возило истата да ја достави до Министерството за внатрешни работи заради нејзино внесување во евиденција.”.

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Министерството за внатрешни работи по приемот на одлуката од ставот (3) на овој член истата ја внесува во евиденцијата и на сторителот на прекршокот му испраќа текстуална порака на мобилниот телефон или на електронската адреса со известување дека осмиот ден од денот на испраќањето на известувањето ќе започне да тече изречената забрана. Осмиот ден од денот на испраќањето на првата порака на сторителот на прекршокот му се испраќа втора порака со известување дека од тој ден започнува да тече санкцијата забрана за управување со моторно возило.“.

Ставот (4) станува став (5).

Член 6

Во член 36 во ставот (1) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „освен ако со законодавството на Европската унија не е поинаку определено.“

Член 7

Во член 42 во ставот (8) бројот „(7)“ се заменува со бројот „(8)“.

Член 8

Насловот на Делот втори се менува и гласи:

„ ПОСТАПКИ ЗА ПОРАМНУВАЊЕ И СПОГОДУВАЊЕ И ПОСЕБНА ПОСТАПКА ЗА ПРЕКРШОЦИ ОД ОБЛАСТА НА БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА“.

Член 9

Во член 44 во ставот (3) во втората реченица точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „да ја спроведе постапката за порамнување, доколку е предвидена со закон.“

Член 10

По Главата седма, по членот 48 се додаваат две нови глави „Глава седма-а“ и „Глава седма–б“ и четири нови членови 48-а, 48-б, 48-в и 48-г, кои гласат

Глава седма – а

Достава

Член 48-а

(1) По исклучок од членовите 56 и 57 од овој закон, доставата за прекршоците констатирани

од посебен електронски систем се врши со испраќање на известување преку текстуална порака на мобилниот телефон или електронската адреса кои гипријавил сопственикот на возилото, односно одговорното лице во правното лице согласно закон.

(2) Во известувањето од ставот (1) на овој член, ќе биде доставен линк за преземање на записникот за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог.

(3) Доколку сопственикот на возилото, односно одговорното лице во правното лице во рок од 24 часа од испраќањето на првото известување не го отвори истото, ќе му биде испратено второ известување со линкот за преземање на записникот со прекршочниот платен налог.

(4) Рокот за преземање на записникот за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог од доставениот линк е осум дена од денот на приемот на известувањето.

(5) По истекот на рокот од осум дена од испраќањето на второто известување за преземање од линкот се смета дека доставата е уредно извршена без преземање.

(6) Доставата може да се врши и преку дигитална апликација согласно закон.

Издавање на записник за сторен сообраќаен прекршок
со прекршочен платен налог
Член 48-б

(1) Кога полицискиот службеник ќе констатира дека е сторен прекршок, кога прекршокот е констатиран со помош на технички средства и уреди за снимање или кога прекршокот е констатиран од посебен електронски систем се издава записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог.

(2) Записникот за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог ги содржи битните елементи на дејствието од кое произлегува правното обележје на прекршокот, лично име, адреса, број на лична карта, матичен број, број на мобилен телефон и електронска адреса, ако се работи за странец број на патната исправа и држава, а за правно лице–назив, седиште и даночен број, времето, местото и начинот на сторувањето на прекршокот, описот на дејствието, правна квалификација на прекршокот, лицата затекнати на самото место, износ на глобата пропишан за прекршокот и прекршочна санкција - забрана за управување со моторно возило за определена категорија (доколку е пропишана за тој прекршок), податоци на возилото (сопственост, вид, марка и број на регистарски таблици), податоци за уредот со кој е констатиран и документиран сторениот прекршок, бројот на сметката за плаќање и правни поуки.

(3) Записникот за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог го потпишува полицискиот службеник и сторителот на прекршокот, освен во случаи кога прекршокот е констатиран од посебен електронски систем, кога истиот се потпишува согласно закон.

(4) Формата и содржината на записникот за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог ја пропишува министерот за внатрешни работи.

Глава седма – б
Прифаќање на одговорност за сторен прекршок
Член 48-в

(1) Доколку сторителот ја прифаќа одговорноста за сторениот прекршок во рок од осум дена од денот на приемот на записникот за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог ќе плати половина од изречената глоба, за кое право се поучува во правната поука содржана во прекршочниот платен налог.

(2) Доколку сторителот ја прифаќа одговорноста за сторениот прекршок, а истекол рокот од ставот (1) на овој член, ќе го плати целиот износ на изречената глоба, најдоцна во рок од осум дена по истекот на рокот од ставот (1) на овој член.

(3) Во постапката која ќе заврши со плаќање на глобата во рокот од ставите (1) и (2)

од овој член, не се плаќаат трошоци на постапката.

(4) Во случај од ставовите (1) и (2) од овој член, кога за прекршокот е предвидена и санкцијата забрана за управување со моторно возило му се изрекува забрана од Министерството за внатрешни работи во траење од половина од минимално пропишаното времетраење на забраната за тој прекршок

(5) Во случај од ставот (4) на овој член на сторителот му се доставува известување преку текстуална порака на мобилниот телефон или електронска адреса кои ги пријавил сопственикот на возилото за изречената забрана од ставот (4) на овој член. Министерството за внатрешни работи забраната ја внесува во евиденција и на сторителот му испраќа му испраќа текстуална порака на мобилниот телефон или на електронската адреса со известување дека осмиот ден од денот на испраќањето на известувањето престанува да важи возачката дозвола. Осмиот ден од денот на испраќањето на првата порака на сторителот на прекршокот му се испраќа втора порака со известување дека од тој ден престанува да важи возачката дозвола

(6) Сторителот кој што со заминувањето заради престој во странство би можел да го одбегне плаќањето на глобата, е должен веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на приемот на записникот за сторен прекршок со прекршочен платен налог да ја плати изречената глоба.

Неприфаќање на одговорност за сторен прекршок

Член 48-г

(1) Доколку прекршокот е констатиран од посебен електронски систем и сопственикот на возилото во време на сторување на прекршокот не го управувал возилото, а знае кој го управувал, должен е во рок од осум дена од денот на приемот на записникот за сторен сообраќаен прекршок со прекршочниот платен налог:

-лично да дојде во надлежната организациска единица на Министерството за внатрешни работи заедно со лицето кое во време на сторување на прекршокот управувало со возилото при што лицето дава известување дека во време на сторување на прекршокот управувало со возилото и дава податоци и за неговиот број на мобилен телефон и електронска адреса или

- тој или лицето кое го управувало возилото во времето на сторување на прекршокот во надлежната организациска единица на Министерството за внатрешни работи да приложи изјава заверена на нотар дадена од лицето кое управувало со возилото во која истото ќе потврди дека го управувало возилото во време на сторување на прекршокот. Изјавата задолжително содржи и податоци за број на мобилен телефон и електронска адреса.

(2) Доколку сопственик на возилото од ставот (1) на овој член е правно лице приложува патен налог или друг соодветен документ за лицето кое било овластено да го управува возилото во време на сторување на прекршокот.

(3) Во случаите од ставот (1) на овој член, во надлежната организациска единица на Министерството за внатрешни работи се изготвува нов записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог во кој се внесуваат податоци за лицето кое управувало со возилото во време на сторување на прекршокот, со кој претходно креираниот записник со прекршочен платен налог се става вон сила. Новиот записник со прекршочен платен налог се доставува до лицето кое управувало со возилото, на начин утврден во член 48-а од овој закон.

(4) Доколку сторителот од ставот (1) на овој член не прифаќа одговорност за сторениот прекршок, има право во рок од осум дена од денот приемот на записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог, лично или по пошта да го достави до надлежниот суд записникот со прекршочен платен налог потпишан од негова страна. Во овој случај, записникот за сторен прекршок со прекршочен платен налог се смета за барање за поведување на прекршочна постапка и по истиот се постапува

согласно одредбите од овој закон.

(5) Во случаите од ставот (4) на овој член, товарот на докажување на обележјата на прекршокот и прекршочната одговорност е на надлежниот орган што го констатирал прекршокот во записникот за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог.

(6) Доколку сторителот на прекршокот кој е констатиран од посебен електронски систем, се откаже од барањето за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд на првото рочиште кое е закажано по поднесеното барање или достави писмен поднесок пред одржувањето на првото закажано рочиште или доколку е уредно повикан, а не се јави на рочиштето, ниту го оправда своето отсуство, судот ќе констатира дека се откажал од барањето за поведување на прекршочна постапка. Во овие случаи судот ќе донесе одлука со кое ќе потврди дека записникот за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог има сила на извршна исправа, ќе го задолжи сторителот да ги плати настанатите трошоци на прекршочната постапка и ќе му изрече и друга пропишана прекршочна санкција согласно закон.

(7) Судот е должен веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од приемот на записникот за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог од ставот (4) на овој член или во случаите од ставот (6) на овој член да го извести органот кој му го доставил записникот за сторен сообраќаен прекршок со прекршочниот платен налог на сторителот, со барање за негово произнесување.

(8) Доколку сторителот не прифаќа одговорност за сторениот прекршок кој е констатиран од посебен електронски систем, доброволно не ја плати глобата изречена во прекршочниот платен налог или во рок од осум дена од денот на приемот на записникот за сторен прекршок со прекршочен платен налог не постапи согласно ставот (4) на овој член, записникот за сторен прекршок со прекршочен платен налог има сила на извршна исправа и Министерството за внатрешни работи ќе го достави до органот надлежен за присилна наплата, за негово извршување, а доколку за тој прекршок е пропишана и забрана за управување со моторно возило, за изрекување на забраната Министерството за внатрешни работи ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка.

(9) Доколку прекршокот е констатиран лично од страна на полициски службеник или со технички средства и уреди и сторителот не ја прифаќа одговорноста, односно не постапил согласно членот 48-в ставови (1) и (2) од овој закон, Министерството за внатрешни работи поднесува барање за поведување на прекршочна постапка. “.

Член 11

Во член 49 ставот (1) точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „ доколку со овој или друг закон не е поинаку определено.“

Член 12

Во член 58 во ставот (2) бројот „30“ се заменува со бројот „90“.

Член 13

Насловот на членот 74 се менува и гласи:

„Обвинет и лице против кое се води прекршочна постапка“.

Член 14

Во член 74 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Лице против кое се води прекршочна постапка е лицето што поднело барање за поведување на прекршочна постапка согласно членот 48-г став (3) од овој закон.“

Член 15

Во член 83 во ставот (4) бројот „30“ се заменува со бројот „90“.

По ставот (7) се додава нов став (8), кој гласи:

„(8) По исклучок од ставовите (1) и (2) на овој член, сторителот на прекршокот може да го поднесе записникот за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог до судот и истиот се смета за барање за поведување на прекршочна постапка согласно членот 48-г од овој закон.“

Член 16

Во член 104 став (1) во алинејата 2 сврзникот „и“ се заменува со запирка.

Во алинејата 3 точката се заменува со сврзникот „или“.

По алинејата 3 се додава нова алинеја, која гласи:

„- е сторен сообраќаен прекршок утврден од посебен електронски систем или со помош на технички средства и уреди за снимање.“.

Член 17

Во член 114 став (1) точката 4) се менува и гласи:

„4) постапката е водена без барање на овластениот орган, односно лице (член 83 став (1) и став (8) од овој закон);“.

Член 18

(1) Започнатите постапки пред судовите и прекршочните органи до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат според одредбите од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 253/23).

(2) Правосилните одлуки со кои се изречени прекршочни санкции забрана за управување со моторно возило и престанок на важење на возачка дозвола кои не се извршени до денот на отпочнувањето на примената на овој закон, ќе се извршуваат согласно одредбите од овој закон.

Член 19

Подзаконските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 20

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 февруари 2026 година.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Со овој Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците се предвидува можност за примена на новите технологии (систем за детектирање преку технички средства и уреди за снимање) кои можат да бидат добра алатка за брзо и ефикасно детектирање на сообраќајните прекршоци и спроведување на процесот на санкционирање на истите. Предлогот на законот содржи 20члена.

Со членот 1 се прави дополнување на членот 2 од Законот за прекршоците поради негово целосно усогласување со Законот за трговски друштва каде е пропишана класификација на трговските друштва како микро, мали, средни и големи.

Во членот 2 со кој се менува членот 23 став (4) од Законот за прекршоците се предвидува можност за изрекување на негативните поени заедно со глобата покрај можноста за изрекување на негативни поени како замена за изречена глоба. Од искуствата на другите европски држави во областа на сообраќајот негативните поени во најголем број случаи се изрекуваат заедно со изречената глоба, па поради тоа се предвидува ваквата можност која дополнително ќе биде разработена во Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и во некои други области доколку е потребно.

Членот 3 со кој се менува членот 26 се однесува на регулирање на височините на глобите за физичките лица како сторители на прекршоци во областа на безбедноста на сообраќајот. Од досегашната пракса и примена на Законот, а особено поради зголемениот број на сообраќајни прекршоци со потешки последици, констатирано е дека сегашните глоби не се соодветни за ваков вид прекршоци, поради што се дава можност тие да бидат повисоки (трикратен износ од износот предвиден за прекршоците од полесен вид).

Со членот 4 се менува членот 28 кој се однесува на санкцијата „престанок на важење на возачка дозвола“. Со оглед на тоа што овој член од Законот во моментов е неприменлив во еден дел (негативни поени), а во останатиот дел беше нецелосно уреден, со предложените одредби целосно се уредува. Имено, оваа санкција е предвидена и во случаи на кумулирање на повеќе од три санкции „забрана на управување со моторно возило“. Во овој член од Предлогот на законот се предвидени и роковите за изречената забрана, како и начинот на кој ќе се врши доставата на известувањата и одлуките на судот помеѓу сторителот на прекршокот, Министерството за внатрешни работи и судовите пред кои ќе се води постапката.

Членот 5 се однесува на измена на членот 29 каде е предвидена санкцијата забраната на управување со моторно возило. Како и во претходниот член и овде е направено доуредување со предвидување на прецизни услови и рокови за изрекување на истата, како и регулирање на доставата.

Со членот 6 се врши техничко доуредување на членот 36 од постојниот Закон бидејќи при донесување на Законот е направен пропуст кај уредувањето на висините на глобите за правните лица. Ваквата одредба треба да биде соодветна со одредбата која се однесува на физичките лица каде е предвидена можноста за усогласување со правото на Европската унија.

Со членот 7 се прави исправка на техничка грешка во членот 42, а во членот 9 се дообјаснува постапката за порамнување во случаи кога органот кој требало да го спроведе пропуштил да го направи тоа.

Со членот 8 и 10 по членот 48 се додава две нови глави и четири нови членови (48-а, 48-б, 48-в и 48-г), со кои целосно се уредува посебна постапка за прекршоците од областа на безбедноста на сообраќајот на патиштата. Овој посебен дел ќе ја регулира целата процедура за санкционирање на прекршоците од областа на сообраќајот на патиштата кои се констатирани со помош на посебен електронски систем, како и со помош технички средства и уреди за снимање. Особено значајно е што за овој вид прекршоци ќе се издава записник со прекршочен платен налог како еден образец, а не како до сега два документи. Пропишани се елементите кои треба да ги содржи овој документ, како и начинот на достава на истиот, роковите за преземање на дејствија од страна на сторителот, судот и Министерството внатрешни работи, товарот на докажувањето во постапката пред судот, водењето на евиденција и сите ситуации кои можат да настанат од сторувањето на прекршокот, неговото детектирање и последиците од тој прекршок. Во овој дел се регулирани ситуациите кога сопственикот на возилото е сторител на прекршокот и кога возилото било управувано од друго лице кое не е сопственик на истото, односно прифаќање на одговорноста за сторениот прекршок, како и неприфаќањето на одговорноста и правото на судска заштита. Исто така, во овој член е пропишано и кога записникот со прекршочен платен налог добива сила на извршна исправа и се доставува на присилна наплата.

Со членот 12 и членот 15 од Предлогот на законот се менуваат членот 58 и членот 83 од Законот за прекршоците. Имено, рокот од 30 дена за поднесување на барањето за поведување на прекршочната постапка до прекршочните органи, односно судовите се зголемува на 90 дена, од причина што праксата покажа дека истиот е многу краток.

Во членот 14 покрај ова се додава и нов став со кој се пропишува можноста за поведување на прекршочна постапка од страна на сторителот на прекршокот. На овој начин се проширува листата на подносители на барање за поведување на прекршочна постапка, со тоа што самиот сторител доколку не се согласува со записникот за сторен прекршок со прекршочен платен налог и не ја прифаќа одговорноста за сторениот прекршок има право со потпишувањето на овој документ и негово доставување до надлежен суд да приговара за прекршокот кој му се става на товар. Ваквиот начин на иницирање на постапка пред судот е предвидена за да им се овозможи на граѓаните на едноставен начин и без дополнителни трошоци за барање правна помош, да добијат судска заштита доколку не ја прифаќаат одговорноста за сторениот прекршок.

Со членот 13 се менува членот 74 кој го дефинира поимот „обвинет“ во прекршочната постапка. Овој член е во корелација со измената на членот 83 од Законот за прекршоците од причина што лицето против кое се води прекршочната постапка (обвинетиот) може да биде и лице подносител на барањето за поведување на прекршочната постапка пред судот.

Членот 16 е во врска со дополнување на членот 104 – скратена постапка пред судот. Во овој член се предвидува водење на скратена постапка и за сторените сообраќајни прекршоци утврдени со технички средства и уреди за снимање или од посебен електронски систем.

Во членот 17 се врши доуредување на членот 114 од Законот за прекршоците кој се однесува на пресудата со која обвинетиот се ослободува, со цел да се опфатат и новите

ситуации предвидени со измени во претходните членови од овој Предлог на закон (конкретно измените во членот 83).

Членовите 18 и 19 и 20 се преодни и завршни одредби кои се однесуваат на започнатите постапки пред судовите, рокот за донесување на подзаконскиот акт, како и влегувањето во сила и отпочнувањето на примената на овој закон.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби се меѓусебно поврзани и како такви прават правна целина и се применливи.

III. ПОСЛЕДИЦИ КОИ ЌЕ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените законски решенија се очекува да се постигне зајакнување на безбедноста во сообраќајот преку воведување на посебна постапка за прекршоци од областа на безбедноста на сообраќајот на патиштата утврдени со помош на технички средства и уреди за снимање преку системот „Безбеден град“. Брзо и ефикасно санкционирање на прекршителите и изрекување на санкции што ќе влијае на генерална превенција во областа на безбедноста на сообраќајот.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ
## ОД ЗАКОНОТ ЗА ПРЕКРШОЦИТЕ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

### Примена на одредбите од други закони
### Член 2

(1) За прекршокот и прекршочната одговорност соодветно се применуваат одредбите од општиот дел на Кривичниот законик.

(2) Ако со одредбите од овој закон поинаку не е определено, судовите во прекршочната постапка ги применуваат одредбите од Законот за кривичната постапка кои се однесуваат на основните начела: јазикот, месната надлежност, последици од ненадлежност, судир на надлежности, изземање, обвинет, бранител, поднесоци, записници, рокови, имотно-правно барање, донесување и соопштување на одлуките, достава на писмена и редовни и вонредни правни лекови.

(3) Прекршочниот орган при водењето на прекршочната постапка соодветно ги применува одредбите од Законот за општата управна постапка, освен ако со овој закон поинаку не е определено.

(4) Класификацијата на мали, средни и големи трговски друштва се определува согласно одредбите на Законот за трговските друштва.

(5) Одредбите од законот кој ја регулира употребата на јазиците во Република Македонија и во единиците на локалната самоуправа соодветно се применуваат во прекршочната постапка.

### Услови за изрекување на прекршочни санкции
### Член 23

(1) Опомената се изрекува како самостојна прекршочна санкција или во замена за глоба кога се работи за прекршок сторен под такви олеснувачки околности кои го прават особено лесен или кога со нејзиното изрекување се постигнува целта на законот.

(2) Општокорисна работа се изрекува како самостојна прекршочна санкција или во замена за глоба кога глобата не може да биде извршена согласно случаи определени со закон.

(3) Глобата се изрекува како главна прекршочна санкција.

(4) Негативните поени се изрекуваат како замена на глобата.

(5) Престанок на важење на возачка дозвола или забрана на управување со моторно возило се изрекуваат со глоба, опомена или како самостојни прекршочни санкции во случаите определени со закон.

(6) Забраната на вршење професија, дејност или должност се изрекува како самостојна прекршочна санкција, а во случај на повторно сторување на прекршокот се изрекува заедно со глоба.

(7) Протерувањето странец од земјата се изрекува заедно со глоба, опомена или како самостојна прекршочна санкција во случаите определени со закон.

(8) Забраната за влез и присуство на спортски натпревари се изрекува заедно со глобата или како самостојна прекршочна санкција во случаите определени со закон.

(9) Забрана на користење на субвенции и други средства обезбедени од Буџетот на Република Македонија се изрекува заедно со глобата, опомената или како самостојна прекршочна санкција во случаите определени со закон.

### Глоба

Член 26

(1) Глобата за физичко лице се состои во плаќање на определен паричен износ кој не може да биде помал од 15 евра во денарска противвредност ниту поголем од 250 евра во денарска противвредност, освен ако со законодавството на Европската унија не е поинаку определено.

(2) Глобата за одговорно лице во правно лице и овластено службено лице не може да биде помала од 15 евра во денарска противвредност, ниту поголема од 500 евра во денарска противвредност, освен ако со законодавството на Европската унија не е поинаку определено.

(3) За прекршоци од областа на даноците, царините, јавните набавки, јавните финансии и јавниот долг може да се пропише глоба во поголем паричен износ во зависност од затаената давачка или износ на набавка, но најмногу во двократен износ од износот во ставовите (1) и (2) на овој член.

(4) За прекршоци во областа на заштита на здравјето на луѓето, заштита на културното наследство, заштита од природни и други непогоди, може да се пропише глоба во трикратен износ од износот во ставовите (1) и (2) на овој член.

(5) За прекршоци од областа на конкуренцијата, енергетиката, електронските комуникации, трговијата со забранети и/или ограничени стоки за употреба, прекршоци сторени од користољубие или за прекршоци со кои се предизвикува поголема имотна штета, може да се пропише глоба до двојниот износ од максимумот или во сразмер со висината на причинетата штета или прибавената корист, но најмногу до десеткратен износ од износот во ставовите (1) и (2) на овој член.

(6) За прекршоците од областа на заштита на природните богатства и животната средина глобата за физичко лице, одговорно лице во правно лице и овластено службено лице може да се пропише глоба во дваесеткратен износ од износот во ставовите (1) и (2) на овој член.

(7) Во одлуката за прекршокот се определува рокот за плаќање на глобата кој не може да биде пократок од осум дена ниту подолг од 30 дена од денот на правосилноста на одлуката, по што се спроведува присилна наплата, согласно одредбите од Законот за даночната постапка.

(8) Во оправдани случаи кога сторителот нема доволно имот, не е вработен, боледува од некоја болест и други слични околности што го оправдуваат тоа, може да се дозволи глобата да се исплати на рати. Во тој случај ќе се определи начинот и рокот на плаќање кој не може да биде подолг од шест месеци.

Престанок на важење на возачка дозвола
Член 28

(1) Судот ќе изрече прекршочна санкција престанок на важење на возачка дозвола, доколку е сторен прекршок во областа на сообраќајот на патиштата со кој е предизвикана опасност за настанување на тешка последица или доколку е поднесен доказ дека сторителот постигнал 100 негативни бодови во сообраќајот на патиштата во последните три години.

(2) Ако возачот за период од последните три години постигне или надмине 100 негативни бодови во сообраќајот на патиштата, судот ќе изрече прекршочна санкција престанок на важење на возачката дозвола во категоријата на моторното возило со која постигнал 100 негативни бодови.

(3) Изречената прекршочна санкција престанок на важење на возачка дозвола, нема да биде извршена, ако поминале повеќе од три години од правосилноста на одлуката за прекршок.

(4) Во случаите од ставот (1) на овој член, возачката дозвола престанува да важи со правосилноста на одлуката со која била изречена прекршочната санкција престанок на важење на возачка дозвола.

(5) Сторителот на кој му е изречена прекршочна санкција престанок на важење на возачка дозвола од одредена категорија, не може да се стекне со право на управување со моторно возило од категоријата со која го сторил прекршокот за кој му е одземена возачката дозвола пред истекот на шест месеци од денот на престанокот на важењето на возачката дозвола.

Забрана на управување со моторно возило
Член 29

(1) За прекршок против безбедноста на јавниот сообраќај, со кој е предизвикана опасност за настанување на тешка последица, односно со дејствието настане штетна последица може да се изрече прекршочна санкција забрана на управување со моторно возило на определени видови или категории моторни возила во траење од 30 дена до една година.

(2) За тој што нема возачка дозвола, а стори прекршок од ставот (1) на овој член, забраната на управување со моторно возило опфаќа забрана за стекнување на возачка дозвола во период од 30 дена до една година.

(3) Забраната на управување со моторно возило се евидентира во досието на возачот најдоцна во рок од 15 дена од правосилноста на одлуката и започнува да тече од денот на евидентирањето во возачката дозвола односно во возачката книшка.

(4) Ако прекршочната санкција од ставот (1) на овој член му биде изречена на лице кое има странска дозвола за управување со моторно возило, оваа прекршочна санкција опфаќа забрана на управување со моторно возило на територијата на Република Македонија за што ќе се извести граничната полиција заради извршување на забраната.

Глоба
Член 36

(1) Глоба за правно лица не може да биде помала од 50 евра во денарска противвредност, ниту поголема од 1000 евра во денарска противвредност за микро трговци, за мали трговци не може да биде помала од 50 евра во денарска противвредност, ниту поголема од 2000 евра во денарска противвредност, а за средни трговци не може да биде помала од 250 евра во денарска противвредност, ниту поголема од 6000 евра во денарска противвредност и за големи трговци не може да биде помала од 250 евра во денарска противвредност, ниту поголема од 10.000 евра во денарска противвредност.

(2) За прекршоци од областа на даноците, царините, јавните набавки, јавните финансии и јавниот долг може да се пропише глоба во поголем паричен износ од затаената давачка или износ на набавката но најмногу во двократен износ од ставот (1) од овој член.

(3) За прекршоци во областа на заштита на здравјето на луѓето, заштита на културното наследство, заштита од природни и други непогоди, може да се пропише глоба во трикратен износ од глобата предвидена во ставот (1) на овој член.

(4) За прекршоци сторени од користољубие или за прекршоци со кои се предизвикува поголема имотна штета, може да се пропише глоба до двојниот износ од максимумот на оваа санкција или во сразмер со висината на причинетата штета или прибавената корист, но најмногу до десеткратен износ од ставот (1) на овој член.

(5) За прекршоци од областа на конкуренцијата, електронските комуникации и трговијата со забранети и/или ограничени стоки за употреба, како и во други области

опфатени со законодавството на Европската унија може да се пропише глоба во процентуален износ, но најмногу до 10% од приходот на правното лице остварен во претходната фискална година.

(6) За прекршоци од областа на енергетиката, може да се пропише глоба во процентуален износ, но најмногу до 10% од приходот на правното лице остварен од енергетската дејност, за чие вршење има добиено лиценца од Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, во претходната фискална година.

(7) За прекршоците од областа на заштита на природните богатства и животната средина глобата за правно лице може да се пропише глоба во дваесеткратен износ од износот во ставот (1) на овој член.

(8) Со законот со кој се пропишува прекршокот, висината на глобата се изразува во распон, а висината на глобата во прекршочниот платен налог се изразува во фиксен износ.

(9) Во случаи кога сторителот има оправдани причини поради кои глобата не може да ја плати одеднаш може да се дозволи глобата да се исплати на рати, на начин и во рок определен од страна на судот односно прекршочниот орган.

Застареност на извршувањето на прекршочните санкции
Член 42

(1) Изречената прекршочна санкција не може да се изврши ако од денот на правосилноста на одлуката за прекршокот поминат две години.

(2) Застарувањето на извршување на прекршочната санкција започнува да тече од денот кога одлуката за прекршокот станала правосилна.

(3) Застарувањето не тече за времето за кое извршувањето не може да се преземе според закон.

(4) Застарувањето се прекинува со секое дејствие на надлежниот орган што се презема заради извршување на прекршочната санкција.

(5) По секој прекин застарувањето почнува повторно да тече.

(6) Застареност на прекршочната санкција настанува во секој случај кога ќе измине двапати онолку време колку што според закон се бара за застареност на извршувањето. (7) Со закон со кој се пропишува прекршокот, може за одделни санкции да се определат рокови на застареност на извршување подолги од рокот од став (1) на овој член, но не подолги од пет години.

(8) Рокот на застареност од член 26 став (7) од овој закон почнува да тече откако истекол рокот од последната рата за исплата на глобата.

(9) Рокот за застареност од ставовите (1) (2) и (3) на овој член може да биде подолг доколку во одредена област се врши усогласување со законодавството на Европската унија.

## Дел втори
## ПОСТАПКИ ЗА ПОРАМНУВАЊЕ И СПОГОДУВАЊЕ

### Цел на постапките за порамнување и спогодување
### Член 44

(1) Целта на постапките за порамнување и спогодување е постигнување на согласност на сторителот на прекршокот и надлежните органи овластени за поведување на прекршочна постапка за отстранување на штетните последици од сторениот прекршок и спречување на повторно вршење на прекршоци и поради тоа избегнување на водење прекршочна постапка пред надлежниот суд, односно прекршочен орган.

(2) Надлежните органи овластени за поведување на прекршочна постапка се должни да му предложат на сторителот на прекршокот постапка за порамнување или спогодување пред да поднесат барање за поведување на прекршочна постапка, доколку тоа е определено со закон.

(3) Судот односно прекршочниот орган по службена должност внимава дали е спроведена постапка за порамнување или спогодување. Ако не е исполнета обврската од ставот (2) на овој член, судот односно прекршочниот орган ќе го врати барањето на органот од став (2) на овој член.

### Надлежност за прекршок
### Член 49

(1) Прекршочна постапка може да води и прекршочна санкција може да изрече само надлежен суд.

(2) За одделни прекршоци за кои глобата е утврдена до најмногу 250 евра во денарска противвредност за физичко лице, 500 евра во денарска противвредност за одговорно лице во правно лице и службено лице и 1.000 евра во денарска противвредност за правни лица прекршочна постапка може да води и прекршочна санкција може да изрече прекршочен орган и овластено службено лице.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, прекршочна постапка може да води и прекршочна санкција може да изрече прекршочен орган за прекршоци за кои е предвидена глоба повисока од утврдената во ставот (2) на овој член, доколку тоа е предвидено со законодавството на Европската Унија.

(4) Постапката против одговорно лице во правно лице ја води судот односно прекршочниот орган којшто е надлежен за водење на прекршочната постапка за правно лице.

(5) Сите јавни органи и носителите на јавни овластувања се должни на судот и на прекршочниот орган да им даваат бесплатно потребна помош и податоци потребни за утврдување на факти во врска со прекршочната постапка и извршувањето на санкциите.

### Поведување на прекршочна постапка
### Член 58

(1) Прекршочниот орган поведува прекршочна постапка по службена должност или по барање од овластено службено лице во органите од член 83 став (2) од овој закон.

(2) Овластеното службено лице од ставот (1) на овој член е должно во најкус можен рок но не подолг од 30 дена од денот по констатирањето на прекршокот или по поднесена пријава за сторен прекршок, да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка секогаш кога постои законски основ за тоа, кога е утврдено со технички средства или по пријава на оштетениот.

(3) Ако рокот од став (2) на овој член е истечен или ако е добиено известување од

прекршочниот орган дека пријавата е неоснована, оштетениот има право да поднесе приговор до повисокиот орган надлежен за вршење надзор над работата на овластеното службено лице, чија одлука е конечна.

(4) Оштетениот доколку има имотно правно барање истото може да го оствари во парнична постапка.

(5) Барањето за поведување на прекршочна постапка ги содржи податоците од членот 84 на овој закон.

(6) Барањето се поднесува до надлежниот прекршочен орган. Ако барањето е поднесено до друг орган, тој веднаш ќе го отстапи до надлежниот прекршочен орган и за тоа ќе го извести подносителот на барањето.

(7) Ако по приемот на барањето од ставот (2) на овој член или во текот на постапката прекршочниот орган утврди дека не е стварно надлежен согласно овој или друг закон да постапува по прекршок, односно дека прекршокот е во надлежност на судот, со решение ќе се огласи за ненадлежен и барањето за поведување на прекршочна постапка со сите списи ќе го достави до надлежниот суд .

(8) Прекршочниот орган со решение ќе го отфрли барањето за поведување на прекршочна постапка согласно членовите 86 и 87 од овој закон.

(9) Решението од ставот (8) на овој член ќе го достави до подносителот на барањето во рок од пет дена од денот на донесувањето.

Обвинет
Член 74

(1) Обвинет во смисла на овој закон, е физичко и правно лице против кое се води прекршочна постапка.

(2) Ако за прекршок е обвинето правно лице и одговорно лице во правното лице се спроведува единствена постапка.

Барање за поведување на прекршочна постапка
Член 83

(1) Прекршочната постапка се поведува по барање на овластениот орган.

(2) Овластени органи за поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка се: органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа и други органи и организации што вршат јавни овластувања во чија надлежност спаѓа непосредното извршување или надзор над извршувањето на законите во кои се предвидени прекршоци.

(3) Овластен орган по службена должност е и јавниот обвинител во случаи кога тоа е неопходно заради заштита на јавниот интерес.

(4) Овластените органи од ставот (2) на овој член се должни во рок од 30 дена од денот по констатирањето на прекршокот или по поднесена пријава од страна на оштетениот за сторен прекршок да поднесат барање за поведување на прекршочна постапка секогаш кога постои основано сомневање дека е сторен прекршок.

(5) Ако рокот од ставот (4) е истечен или ако е добиено известување дека барањето е неосновано, оштетениот има право да поднесе приговор до повисокиот орган надлежен за вршење надзор над работата на органите од ставот (2) на овој член, чија одлука е конечна.

(6) Оштетениот доколку има имотно правно барање истото може да го остварува во парнична постапка.

(7) Барањето за поведување на прекршочна постапка се поднесува писмено или по

електронски пат определено со закон, во доволен број примероци за надлежниот орган и лицата против кои е поведена прекршочна постапка.

### Скратена постапка
### Член 104

(1) Скратена постапка се води кога:

- во барањето за поведување на прекршочна постапка се содржани сите факти и докази врз основа на кои судот може да одлучи без присуство на странка;
- барањето за поведување на постапката се заснова на јавни исправи издадени од надлежни јавни органи и
- сторителот е затечен при извршувањето на прекршокот од страна на овластено службено лице.

(2) Во скратена постапка судот одлучува без испитување на сторителот кога тој е уредно повикан, а не се јави и не достави доказ за оправдана спреченост да се јави пред судот.

### Пресуда со која обвинетиот се ослободува
### Член 114

Пресуда со која обвинетиот се ослободува од одговорност ќе се донесе, ако:

1) дејствието не е прекршок;

2) обвинетиот не го сторил прекршокот;

3) постојат околности што ја исклучуваат одговорноста за прекршок;

4) постапката е водена без барање на овластениот орган (член 83 став (1) од овој закон);

5) постапката е водена од стварно ненадлежен суд;

6) обвинетиот за ист прекршок правосилно е санкциониран во прекршочна постапка, или прекршочната постапка правосилно била запрена, но не поради ненадлежност;

7) обвинетиот во кривична постапка правосилно е огласен за виновен за дело што ги опфаќа и обележјата на прекршокот;

8) обвинетиот ужива дипломатски имунитет;

9) настапила застареност за водење на прекршочната постапка;

10) нема докази дека обвинетиот го сторил прекршокот; и

11) подносителот на барањето се откажал од барањето пред правосилноста на пресудата за прекршок.